АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. Вид надзор: редовен

2. Субјект на надзорот: радио програмски сервис на Јавното претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио - Втор програмски сервис (МРА2)

3. Период опфатен со надзорот: 2 септември 2015 година

4. Датум на извршување на надзорот: 9 октомври 2015 година

5. Предмет на надзорот:

   - Член 12 од Законот за медиуми (Импресум)

   - Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Информации достапни за корисниците)

   - Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Идентификација на радиодифузер)

6. Претходно изречена мерка: нема

7. Констатации од надзорот:

Со редовниот административен надзор врз радио програмскиот сервис на Јавното претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио - Втор програмски сервис (МРА2), емитуван на 2 септември 2015 година, **е констатирано прекршување на член 12 од Законот за медиуми.**

Во програми емитувани на 2 септември 2015 година – „Утринска програма со ТикТак и Александра", „Ритамот на денот" и „Точно напладне Мак Топ 10" не се објавени податоците со кои се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудио содржините, за носителот на авторските права, за

одговорниот уредник/уредниците на програмите, за потеклото и датумот на продукција на аудио делата, името на медиумот од каде што е преземена содржината и тн. што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

| Име на емисијата | Датум на емитување | Период на емитување | |
|---|---|---|---|
| | | Почеток | Крај |
| Утринска програма со ТикТак и Алексндра | 2 септември 2015 г. | 07:00:00 | 09:00:00 |

| Име на емисијата | Датум на емитување | Период на емитување | |
|---|---|---|---|
| | | Почеток | Крај |
| Ритамот на денот | 2 септември 2015 г. | 09:00:00 | 12:00:00 |

| Име на емисијата | Датум на емитување | Период на емитување | |
|---|---|---|---|
| | | Почеток | Крај |
| Точно напладне со Радица Митиќ Мак Топ 10 | 2 септември 2015 г. | 12:00:00 | 13:00:00 |

*Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги даде конкретни насоки кои податоци треба да се објават на одјавните (или најавните) шпици кај дневно-информативните емисии (вести, дневници) и другите информативни емисии составени од повеќе новинарски прилози, како и кај сите останати програми со информативна, образовна или забавна функција, во насоките за примена на член 12 од Законот за медиуми и на член 51 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги испратени до сите радио програмски сервиси на 7 ноември 2014 година.*

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 12 од Законот за медиуми**, радио програмскиот сервис на Јавното претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио - Втор програмски сервис (МРА2), во програми емитувани на 2 септември 2015 година, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Јавното претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио - Втор програмски сервис (МРА2) и согласно точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година, да му наложи во рок од 45

дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*